РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
Бр. 12-2170/1
10.03.16
СКОПЈЕ

Врз основа на член 150-г став (7) од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 171/16), министерот за здравство донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА БОДИРАЊЕ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА И СЕ ПРИЈАВИЛЕ НА ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КОФИНАНСИРАНА ПРИВАТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРОГРАМАТА ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на бодирање за селекција на здравствените работници односно здравствените соработници кои не се вработени во јавна здравствена установа и се пријавиле на јавен оглас за запишување на кофинансирана приватна специјализација односно супспецијализација во согласност со програмата за кофинансирање на специјализации и супспецијализации донесена од Владата на Република Македонија врз основа на постигнатиот просечен успех од сите предмети на прв циклус на високо образование, базата на прашања, бројот на поставени прашања на испитот и начинот на спроведување на испитот, како и начинот за бодирање за селекција на здравствените работници одосно здравствените соработници во случај кога се пријавиле да ја доврштат започнатата специјализација односно супспецијализација во согласност со програмата за кофинансирање на специјализации и супспецијализации.

## I. Критериуми за селекција на здравствените работници односно здравствените соработници кои не се вработени во јавна установа и се пријавиле на јавен оглас за запишување на кофинансирана приватна специјализација односно супспецијализација

### Член 2

(1) Селекцијата на здравствените работници, односно здравствените соработници кои се пријавиле на јавниот оглас за запишување на

кофинансирана приватна специјализација, односно супспецијализација се врши врз основа на следниве критериуми:

1) постигнат просечен успех од сите предмети на прв циклус на високо образование (во натамошниот текст: просечен успех) кој носи вкупно 50 бода и

2) испит кој е составен од два дела и носи вкупно 50 бода и тоа:
- стручен тест кој носи 35 бода и
- познавање на англиски јазик кој носи 15 бода.

(2) Постигнатиот просечен успех од ставот (1) точка 1) на овој член се вреднува согласно постигнатиот просечен успех од сите предмети на прв циклус на високо образование кое го завршил здравствениот работник, односно здравствениот соработник и рангирањето на високообразовната установа врз основа на последно објавената ранг-листа на високообразовни установи во Република Македонија и последно објавените официјални ранг-листи на високообразовни установи надвор од Република Македонија, кои се објавени на официјалната веб страница на Министерството за образование и наука.

(3) За кандидати кои завршиле прв циклус на студии на високообразовни установи во странство, просечниот успех се пресметува врз основа на документ за нострификација и еквиваленција на дипломата издаден од Министерството за образование и наука.

(4) Бодовите за постигнатиот просечен успех од ставот (1) точка 1) на овој член, се пресметуваат според следнава формула:

$$\text{Вкупен број на бодови} = (\text{Успех} - \mathbf{6}) \times \text{Ранг} \times \text{Коефициент}$$

** "Успех" е просечниот успех на кандидатот во првиот циклус на студии;*

*"Ранг" е рангот на високообразовната установа на која кандидатот завршил прв циклус на студии, и*

*"Коефициент" е вредност која се добива со делење на максималниот број на бодови, со производот од вредноста на највисокиот ранг на високообразовните установи со константа 4 (Конастантата се добива со разлика на највисокиот можен просек 10.00 одземена со најниският просек 6.00). Вредноста на*

*коефициентот во пресметувањето на вкупниот број на бодови зависи од вредноста на највисокиот ранг на високообразовната установа на пријавените кандидати.*

(5) Просечниот успех на кандидатот од првиот циклус на студии се пресметува како

$$\frac{\text{збир на оценките од сите положени испити}}{\text{број на положени испити}}$$

**Збирот се пресметува врз основа на податоците за испити и оценки содржани во официјален документ издаден од високообразовната установа.*

(6) „Ранг“ на високообразовната установа за кандидатот кој поседува диплома од домашна високообразовна установа која е рангирана на домашната ранг-листа, бодовите за ранг се пресметуваат на следниот начин:

$$\text{Ранг} = \frac{1{,}5 * (\text{вкупен резултат од рангирањето на високообразовната установа})}{100}$$

(7) “Ранг” за кандидатот кој поседува диплома од странска високообразовна установа која е рангирана на ранг-листите на високообразовни установи надвор од Република Македонија, изнесува:
- рангирана од 1 до 10 место: Ранг = 2,2;
- рангирана од 11 до 50 место: Ранг = 2,1;
- рангирана од 51 до 100 место: Ранг = 2,0;
- рангирана од 101 до 200 место: Ранг = 1,9;
- рангирана од 201 до 500 место: Ранг = 1,8.

(8) За кандидатот кој поседува диплома од домашна високообразовна установа која не е рангирана на домашната ранг-листа или диплома од странска високообразовна установа која не е рангирана на официјалните ранг-листи на високообразовни установи надвор од Република Македонија, бодовите за ранг изнесуваат 0,3.

### Стручен тест од испитот и познавање на англиски јазик

**Член 3**

(1) Прашањата од стручниот тест на испитот и прашањата од испитот за познавање на англиски јазик имаат ист степен на сложеност и ист број на бодови.

(2) Стручниот тест кој носи најмногу 35 бода опфаќа 31 прашање, од кои 27 прашања со ниска сложеност и 4 прашања со висока сложеност. Точно одговорено прашање со ниска сложеност носи 1 бод, а точно одговорено прашање со висока сложеност носи 2 бода. Секое прашање има само еден точен одговор кој е забележан во клучот за тестот кој се полага.

(3) Тестот за познавање на англиски јазик кој носи најмногу 15 бода опфаќа 25 прашања, од кои 20 прашања со ниска сложеност и 5 прашања со висока сложеност. Точно одговорено прашање со ниска сложеност носи 0,5 бода, а точно одговорено прашање со висока сложеност носи 1 бод. Секое прашање има само еден точен одговор кој е забележан во клучот за тестот кој се полага.

(4) Полагањето на стручниот тест трае најмногу деведесет минути, а полагањето на тестот за познавање на англиски јазик трае најмногу шеесет минути.

## II Критериуми за селекција на здравствените работници односно здравствените соработници кои не се вработени во јавна установа а се пријавиле да ја довршат започнатата специјализација односно супспецијализација во рамки на програмата за кофинансирање на специјализанти односно супспецијализанти

**Член 4**

(1) Селекцијата на здравствените работници, односно здравствените соработници кои се пријавиле да ја довршат започнатата специјализација, односно супспецијализација во рамки на програмата за кофинансирање специјализанти, односно супспецијализанти, се врши врз основа на следниве критериуми:

1) постигнат просечен успех од сите предмети на прв циклус на високо образование (во натамошниот текст: просечен успех) кој носи вкупно 30 бода;

2) времетраење на спроведениот специјалистички, односно супспецијалистички стаж искажан преку број на месеци на спроведен специјалистички, односно супспецијалистички стаж (во натамошниот текст: должина на специјалистички, односно супспецијалистички стаж) кој носи 40 бода и

3) испит кој е составен од два дела и носи вкупно 30 бода и тоа:

- стручен тест кој носи 20 бода и
- познавање на англиски јазик кој носи 10 бода.

(2) Бодовите за постигнатиот просечен успех од ставот (1) точка 1) на овој член за запишување на кофинансирана приватна специјализација односно супспецијализација, се пресметуваат согласно член 2 ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) од овој Правилник.

(3) Должината на специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот стаж од ставот (1) точка 2) на овој член се вреднува согласно со бројот на месеци што специјализантот, односно супспецијализантот ги поминал на специјалистички, односно супспецијалистички стаж, при што специјализантот, односно супспецијализантот кој има најголем број на месеци спроведен специјалистички, односно супспецијалистички стаж добива 40 бода. Останатите кандидати кои се пријавиле за истата специјалност и за истата јавна здравствена установа, а имаат помалку месеци на специјалистички стаж се пресметува по следнава формула во однос на кандидатот/кандидатите со најдолг специјалистички стаж:

| |
|---|
| **Бодови од стаж = (Максимален број на бодови/Процент на завршена специјализација на кандидатот со најдолг стаж) * Процент на завршена специјализација на кандидатот за кој се пресметуваат бодови** |

**“**Процент на завршена специјализација на кандидатот за кој се пресметуваат бодови**” се пресметува по формулата 100/(Вкупно траење на специјализацијата во месеци * Завршени месеци од специјализацијата)*

*“**Процент на завршена специјализација на кандидатот/кандидатите со најдолг стаж**” е највисокиот процент на завршена специјализација од сите кандидати кои се пријавиле за иста ЈЗУ и се пријавени за иста специјалност.*

### Стручен тест од испитот и познавање на англиски јазик

**Член 5**

(1) Прашањата од стручниот тест на испитот и прашањата од тестот за познавање на англиски јазик имаат два степени на сложеност (прашања од ниска сложеност и прашања од висока сложеност) и носат различен број на бодови.

(2) Стручниот тест кој носи најмногу 20 бода опфаќа 18 прашања, од кои 16 прашања со ниска сложеност и 2 прашања со висока сложеност. Точно одговорено прашање со ниска сложеност носи 1 бод, а точно одговорено прашање со висока сложеност носи 2 бода. Секое прашање има само еден точен одговор кој е забележан во клучот за тестот кој се полага.

(3) Тестот за познавање на англиски јазик кој носи најмногу 10 бода опфаќа 17 прашања, од кои 14 прашања со ниска сложеност и 3 прашања со висока сложеност. Точно одговорено прашање со ниска сложеност носи 0,5 бода, а точно одговорено прашање со висока сложеност носи 1 бод. Секое прашање има само еден точен одговор кој е забележан во клучот за тестот кој се полага.

(4) Полагањето на стручниот тест трае најмногу деведесет минути, а полагањето на тестот за познавање на англиски јазик трае најмногу шеесет минути.

### III. База на прашања и број на поставени прашања за испитот на кандидатите

**Член 6**

(1) Кандидатот го полага испитот по поставени прашања кои се однесуваат на стручниот тест и на познавање на англискиот јазик.

(2) Базата на прашања за стручниот тест содржи најмалку 500 прашања. Базата на прашања не содржи одговори на прашањата и истите можат да бидат доставени во електронска форма до кандидатите кои го полагаат тестот најмалку 24 часа пред денот на полагањето на тестот.

(3) Базата на прашања за тестот за познавање на англиски јазик содржи најмалку 200 прашања. Базата на прашања не содржи одговори на прашањата и истите можат да бидат доставени во електронска форма до кандидатите кои го полагаат тестот најмалку 24 часа пред денот на полагањето на тестот.

## IV. Начин на спроведување на испитот

### Член 7

(1) Врз основа на објавен јавен оглас за запишување на кофинансирана приватна специјализација односно супспецијализација односно за довршување на започнатата приватна специјализација односно супспецијализација во рамки на програмата за кофинансирање на специјализанти односно супспецијализанти, кандидатите доставуваат пријава до Министерство за здравство.

(2) Министерството за здравство во рок од 60 дена од денот на завршување на огласот ги разгледува доставените пријави од ставот (1) на овој член, врши увид и проверка на податоците во пријавата за запишување и приложените документи кон пријавата, утврдува дали за сите внесени податоци се приложени соодветни документи и дали внесените податоци соодветствуваат со документи кои се приложени кон пријавата, бара од кандидатите дополнување на документите доколку е потребно и ги поканува кандидатите кои ги доставиме сите потребни документи да полагаат стручен тест и тестот за познавање на англиски јазик.

(3) Испит се спроведува од страна на комисија формирана од министерот за здравство составена од пет члена и лица задолжени за вршење на административно-техничките работи.

(4) Комисијата работи кога се присутни мнозинство членови, а одлуките ги носи со мнозинство од присутните членови.

(5) За полагањето на пријавените кандидати се води записник и посебно досие за секој од кандидатите.

### Член 8

(1) Полагањата/тестирањата се спроведуваат во простории определени од Министерството за здравство.

(2) Пред почетокот на полагањето/тестирањето, поединечно се утврдува идентитетот на секој од кандидатите присутни во просторијата по што се пристапува кон запознавање на кандидатите со текот и правилата на полагањето/тестирањето.

(3) Кандидатот кој нема да ги почитува правилата од став (1) на овој член, ќе биде повикан да ја напушти просторијата во која се полага/тестира.

(4) По завршувањето на полагањето/тестирањето, односно по истекот на времето за полагање/тестирање, кандидатот ја напушта просторијата.

**Член 9**

По завршување на полагањето се врши бодирање и согласно бодирањето се составува ранг листа од пријавените кандидати, која се објавува на огласната табла и веб страната на Министерството за здравство.

**Член 10**

Незадоволните кандидати имаат право на увид во сопствената документација од спроведеното полагање во рок од седум дена од денот на објавувањето на ранг листата од член 9 од овој Правилник.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**М и н и с т е р**

**Никола ТОДОРОВ**